Република Северна
Македонија
Државен завод
за статистика

# ИЗЈАВА ЗА ДОВЕРЛИВОСТ

Јас, ______________________________, во својство на ____________________ изјавувам дека се согласувам да ракувам со доверливите статистички податоци за кои добив пристап врз основа на Договорот меѓу Државниот завод за статистика и ________________________________________ .

1. Со потпишувањето на оваа изјава, потврдувам дека сум запознаен со одредбите од Законот за државната статистика и Законот за заштитата на лични податоци. Нема да ги користам или да ги дистрибуирам информациите што ќе ги дознаам во текот на мојата работа за друга намена што не е во согласност со целите на мојата работа.
2. Сетот со анонимизирани податоци ќе го користам само за спроведување на анализата дефинирана во Договорот за соработка со Државниот завод за статистика.
3. Под моја целосна одговорност изјавувам дека јас сум должен да ја чувам доверливоста на личните податоци и да ги чувам безбедни со почитување на соодветните организациски и технички мерки определени од Државниот завод за статистика. Јасно ми е дека оваа обврска се применува и за време и по завршување на истражувачката работа.
4. Ја преземам одговорноста дека ако се утврди дека има непочитување на добиените инструкции во врска со обезбедувањето доверливост на податоците, веднаш да бидат преземени мерки од Државниот завод за статистика за спречување на прекршокот.
5. Запознаен сум со обврската да ги уништам индивидуалните податоци до кои сум имал пристап веднаш по завршувањето на мојата работа и за тоа да го информирам писмено Државниот завод за статистика.
6. Знам дека непочитувањето на одредбите за заштита на податоците е казниво во согласност со Законот за државната статистика.
7. Секое прекршување на важечките правни прописи, исто така, ќе имплицира и прекинување на соработката со Државниот завод за статистика.

Изјавил:

Име и презиме: ________________________________________

Потпис: ______________________

Датум: ______________________

ПРИМЕРОК